АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПРАВИЛНИК ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Скопје, Декември 2017 година

* Општи одредби

1. Организациона, функционална и просторна поставеност на АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИСкопје

2. Мерки за заштита од пожари и експлозии со кои ќе се отстранува, односно намалува опасноста од пожари и експлозии, согласно условите на функционирање на АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИСкопје

3. Начин на запознавање на вработените во АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ Скопје со опасностите од пожари и експлозии, сврзано со соодветно работно место при стапување на работа и при распоредување од едно на друго работно место

4. Начин на обучување на вработените во АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИСкопје за учество во гасење на пожари, ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари

5. Распоред и време на испитување на уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари во АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Согласно Законот за заштита и спасување – пречистен текст Законот за заштита и спасување (Службен Весник на РМ 93/12, 41/14 И 129/15), Законот за пожарникарство (Службен Весник на РМ 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 ), Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14 и бр.132/14), како и Упатството за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии на ДО,ОДУ,ЕЛС,ЈП,ЈУ, АГЕНЦИЈАТА,ТП и други правни лица (Службен Весник на РМ бр. 80/11) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-5717/5 од 28.12.2017 година, Советот на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ на 43-та седница одржана ден 28 12.2017 год, донесе:

# П Р АВ И Л Н И К
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат мерките и активностите за заштита на животот на вработените и имотот на АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (во понатамошниот текст: Агенција) од пожари и експлозии (во понатамошен текст: заштита од пожар), организационата, функционалната и просторната поставеност на Агенцијата, мерките за заштита од пожар, начинот на запознавање на вработените со опасностите од пожари сврзани со нивните работни места при стапување на работа и при нивно распоредување од едно на друго работно место, начинот на обука на вработените за учество во гасење на пожари како и обука за ракување со уредите, техничката опрема и средства за гасење на пожари, распоредот и времето на испитување на уредите, опремата и средствата за гасење на пожар, стручните работи за заштита од пожари, откривање, спречување на ширење на пожари, утврдувањето на причините за настанување на пожар, давањето помош при отстранување на последиците од пожарот, правата и обврските на вработените, правата и обврските на одговорните лица и слично.

Член 2

Заштитата од пожари се планира во сите средини и објекти (целокупниот имот) на Агенцијата преку превентивни и репресивни мерки.

Член 3

Заштитата од пожари опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер.

Член 4

Вработените во Агенцијата се должни во спроведување на мерките за заштита од пожари да постапуваат во согласност со Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и сите подзаконски прописи и акти кои произлегуваат од нив, други Закони што ја регулираат оваа материја, упатствата, техничките стандарди на РМ и ЕУ, како и со овој Правилник.

## 1. ОРГАНИЗАЦИОНА, ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНА ПОСТАВЕНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА

Член 5

Организационата поставеност на Агенцијата, односно органи на Агенцијата се: Совет и Директор.

Директорот ја застапува и ја претставува Агенцијата, чии стручни, нормативно-правни, управни, управно-надзорни, материјално-финансиски, сметководствени, информатички и други работи ги врши стручна служба, под кој организациски припаѓаат сите вработени во Агенцијата - вкупно 56 лица. Директорот ги има надлежностите кои се утврдени во член 20 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 6

Функционалната поставеноста на Агенцијата е определена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, каде што е утврдено дека Агенцијата е надлежно тело за правата, обврските и одговорностите на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Мерките за заштита од пожари и експлозии се пропишани во овој Правилник и други акти од оваа област, а ги спроведуваат сите вработени и други лица кои се присутни во објектот, работните локации и кругот на Агенцијата .

За спроведување на мерките и модернизирање на мерките за заштита од пожар и експлозии одговорни се:

- Директорот на Агенцијата и
- Вработените во Агенцијата.

Директорот на Агенцијата:

- Одговорен е за примена на овој Правилник за заштита од пожари и експлозии,
- Одговорен е за организацијата на заштитата од пожари и експлозии во Агенцијата,

- Одговорен е за примената на пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии,
- Ги прифаќа препораките и извештаите од инспекциските органи и извршува активности според нивните наоди,
- Дава налог за обука на вработените од Агенцијата за заштита од пожари, експлозии и опасни материи,
- Донесува пожарен куќен ред,
- Го надгледува работењето во однос на заштитата од пожари и експлозии и превзема мерки за унапредување на истото,
- Ги одобрува потребните финансиски средства за опремата и средствата за заштита од пожари и експлозии (врз основа на претходно добиено одобрение од Советот на Агенцијата),
- Одлучува за одговорноста на раководителите и вработените во однос на законската обврска за спроведување на пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии,
- Донесува Решенија за отстранување на неправилностите во однос на заштитата од пожари и експлозии,
- Иницира постапка кон одговорните работници за неспроведување и непочитување на мерките за заштита од пожар и експлозии и
- Извршува и други активности со цел унапредување на заштита од пожари и експлозии.

Вработените во Агенцијата ги имаат следните обврски:
- Имаат законска обврска да учествуваат во гасењето на пожар,
- Одговараат за заштита од пожари и експлозии во Агенцијата,
- Вршат повремена проверка на знаењето за заштита од пожари и експлозии,
- Ги применуваат мерките за заштита од пожари и експлозии,
- Со внимание ракуваат со опасни материи и превземаат мерки за максимална заштита при користење на истите,
- Ги отстануваат недостаците за заштита од пожари и експлозии, доколку ги има,
- Ја проверуваат исправноста на опремата и уредите за заштита од пожари и експлозии,
- Обезбедуваат слободен пристап до секое работно место,
- Ги исклучуваат сите електрични апарати (по завршување на работното време) кои можат да предизвикаат пожар и
- Превземаат други активности за подобрување на заштитата од пожари и експлозии.

Член 7

Оваа дејност, во однос на просторната поставеност, се извршува на една локација:

- на ул Македонија бр. 38 Палата "Панко Брашнаров", општина Центар, Скопје, на која има 2 дела: гаражен простор и административен дел во кој вработените претстојуваат најголемиот дел од времето,

- Најблискиот објект се наоѓа на растојание од 25 м. Кај пристапните страни, што значи дека има непречен пристап околу објектот. Соседните објекти се: Хотел Бристол на север, нов објект на АД ЕЛЕМ на исток, Музеј на Град Скопје на југ и паркинг на запад .

## 2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

Член 8

Објектот во својата инвестициона-техничка документација за изградба мора да содржи елаборат за заштита од пожари за кој е добиена согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари.

Член 9

Планираните мерки и активности служат за оневозможување на настанување на пожари, ограничување на ширењето на пожарот, и последиците од истиот, намалување на опасностите кои би ги предизвикале вработените и обезбедување на безбедност на вработените и имотот на Агенцијата, преку системот на превентивни и репресивни мерки.

Превентивни мерки се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на градежните, техничките и технолошките нормативи и стандарди при проектирање и изградба на објектите.

Репресивни мерки се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожари како и давање помош при отстранување на последиците.

Член 10

Како превентивни мерки за заштита од пожар, во смисла на овој Правилник се сметаат мерките наведени во елаборатот за заштита од пожари.

Содржината на елаборатот за заштита од пожари покрај другото содржи детална анализа и проценка на опасностите од пожар и експлозија во однос на намената на објектот, архитектурата, вградениот материјал и применетите конструкции, својствата на материјалите односно производите што се користат во процес на работа, својствата на материјалите и материите кои се складирани и начинот и условите на складирање и врз основа на тоа се предвидуваат и изведуваат мерките за заштита од пожар.

## 2.1 Градежно-конструктивни противпожарни мерки

Член 11

Урбанистичките и градежно-конструктивните ПП мерки, Агенцијата ги применува заради намалување или спречување на опасноста од појава и ширење на пожари.

Градежно-конструктивните мерки се дефинираат со проектирање и изведба на противпожарни сектори, противпожарни ѕидови, противпожарни врати и отвори, противпожарни столбишта и окна и сигурни и брзи патишта за евакуација. Тие се применети од главниот инвеститор на објектот АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ.

Агенцијата врши оптимален избор на градежните материјали и видот на конструкциите во смисла на нивната огноотпорност, односно конструктивните квалитети за вградување и носивост при изложеност на високи температури и оптоварувања според важечките стандарди, како и Правилникот за суштински барања на заштита од пожар на градежните објекти (Службен Весник на РМ бр. 94/09).

## 2.2 Електроенергетски и термо-енергетски противпожарни мерки

Член 12

Електроенергетските и термоенергетските ПП мерки, Агенцијата ги спроведува со правилно димензионирање, примена на техничките нормативи и стандарди т.е. пропишаните мерки и соодветен начин на изведба на електричните инсталации со што се намалуваат ризиците од настанување и ширење на пожарод електричните инсталации и потрошувачи, електричните уреди и апарати, термоенергетските или термотехничките уреди, односно се избегнуваат опасностите од прегревање, куси врски, вжарување на допирните места, искрење, големи отпори на премин, механичко оштетување на електричните инсталации, стареење на инсталацијата, пробивање на изолацијата, лошо одведување на атмосферски празнења, ширење на пожари по канали, регали и слично.

Член 13

Објектот има сопствена електро разводна табла во која има автоматски осигурувачи, со кои се штити објектот од преоптоварувања во електричната мрежа. Истите се означени во пропишани услови.

Член 14

За обезбедување на континуирано снабдување со електрична енергија на критичните потрошувачи како на пример: системи за вентилирање,

сигурносно светло и слично, се обезбедени резервни извори на енергија. Со резервни извори на енергија треба да бидат снабдени сите критични потрошувачи согласно со Правилникот за суштински барања на заштита од пожар на градежните објекти (Службен Весник на РМ бр. 94/09).

Член 15

Инсталациите, приклучоците, уредите и другите потрошувачи треба редовно да се оддржуваат во исправна состојба согласно техничките прописи и упатствата на производителот како и правилата на техничката пракса.

Член 16

Инсталацијата за греење, уредите за вентилација и климатизација како и прочистување на воздухот да се одржуваат во исправна состојба и во пропишани услови со закон.

Електричните панели или други уреди за греење, доколку се употребуваат за греење на објектот обврзно да се исклучуваат при престанок на потребата од греење на објектот.

Член 17

Објектот на Агенцијата е обезбеден со систем за заштита од директни атмосферски празнења (громобранска инсталација) согласно техничките прописи за громобрани. Истата е вградена за целокупниот објект.

## 2.3 Техничко технолошки и противпожари мерки

Член 18

Заради намалување или спречување на опасноста на појава или ширење на пожар, а согласно Законот , важечките прописи и стандарди и согласно овој нормативен акт, се предвидени техничко-технолошки мерки чија примена е задолжителна во Агенцијата.

Член 19

Опремата и инсталациите се соодветно проектирани и изведени, земајќи ги предвид сите релевантни фактори со цел да се осигура безбедна употреба за време на предвидениот век на трајност.

Опремата и инсталациите се проектирани и изработени така да овозможуваат да бидат испитани во законски предвидениот рок (периодични и други испитувања ), за да се докаже нивната сигурност во тек на експлоатација. Согласно претходно наведеното, електричната инсталација потребно е да се проверува на секои 5 години од овластена фирма во Република Македонија.

## 2.4 Општи противпожарни мерки

Член 20

Заради намалување на опасноста од појава и ширење на пожар како и заради намалување на штетните последици од истиот спроведени се општи превентивни мерки предвидени во општите услови за проектирање и градба на јавни објекти и тоа во форма на знаци за известување, опасност и забрани, знаци за одредување на правецот на движење и излези при евакуација кои се видно поставени во објектот.

Патиштата и премините во сите работни локации мора да овозможат лесен пристап и напуштање на објектите.

Обврзно мора да има доволно количество на вода или други средства и уреди за гасење на пожари.

Забранета е употребата на отворен оган и други извори на топлина, кои можат да предизвикаат пожар или експлозија.

Проектиран е и изведен е систем за автоматско откривање и јавување на пожар.

Забранета е употребата на електрични греалки, печки, плински печки и други грејни тела, а исто така и складирање на лесно запалливи материи во работните локации, за да не дојде до појава на пожари и експлозии.

Член 21

Агенцијата треба континуирано да превзема и спроведува безбедносни мерки кои се пропишани во Правилникот за суштински барања на заштита од пожар на градежните објекти (Службен Весник на РМ бр. 94/09) со кои ќе осигураат брза и непречена евакуација на сите вработени и присутни лица во објектите и од било кое работно место во безбеден простор.

Член 22

Евакуацијата треба да се одвива имајќи ги предвид следните фактори:

- максималното дозволено со норматив растојание од секое работно место до излезот,
- пропишана со норматив ширина на излезите, помошните излези, скали, ходници и сл. пропорционална на бројот на лицата што престојуваат во објектот,
- правецот на отварање на влезно- излезните врати кој секогаш треба да биде во смер на евакуација, кон надвор,
- комуникациите по целата должина да немаат било какви препреки или стеснувања кои би го отежале брзото напуштање на објектот,
- сите главни и помошни излези треба да се означени со јасно видливи натписи и систем од панични светла и осветлени со јачина на светлоста од 70 lx,

- патиштата пред објектот треба да се слободни за евакуација на вработените,
- патиштата за евакуација треба да бидат обезбедени од продор на чад и топлина во евентуален пожар и да се вентилираат во услови пропишани со закон и техничките нормативи за објектот,
- навремено јавување на аларм за напуштање на објектот во случај на итност (систем за известување на вработените и посетителите за настанат пожар и потреба за напуштање на објектот),
- навремено откривање, јавување и гасење на пожари
- и да се запазат и други пропишани мерки за непречено напуштање на објектот.

Чл.23

Оддалеченоста на складираните стоки од електричните прекинувачи и од хидрантите мора да биде таква што да е можен непречен пристап до нив, а од електричните (сијаличните) места и грејните тела, што немаат штитник од зрачење на топлота, оддалеченоста на складираните стоки не смее да биде помала од 0,5 м.

Чл.24

Доколку се прават некои реконструкции на работниот простор, при изведба на работи на заварување и сечење, особено на места со изразена опасност за настанување на пожар треба раководното лице на објектот да констатира и утврди дали се превземени пропишаните мерки за заштита од пожари, па потоа де се пристапи кон изведување на вакви работи.

При тоа, треба точно да се утврди кои заштитни мерки треба да се преземат: отстранување на запаливи материи, проверка на соседните простории, опасности од летечки вжарени предмети и искри, прекривање со негорлив материјал на предмети кои тешко се отстрануваат од опасните зони и сл.

## 3. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ СВРЗАНИ СО РАБОТНИТЕ МЕСТА ПРИ СТАПУВАЊЕ НА РАБОТА И ПРИ РАСПОРЕДУВАЊЕ ОД ЕДНО НА ДРУГО РАБОТНО МЕСТО

Член 25

Агенцијата е должна секој работник да биде запознаен со опасностите од пожари сврзани со неговото работно место на кое е распореден при стапување на работа, како и при негово распоредување од едно на друго работно место, како и обучување на вработените за учество во гасење на пожари, ракување со уредите, техничката опрема и средства за гасење на пожари.

Член 26

Агенцијата презема мерки и активности секој вработен да биде запознаен со опасностите од пожари сврзани со работното место на кое е распореден, како и при негово прераспоредување од едно на друго работно место.

Директорот е должен да им ги даде на вработените на увид сите документи согласно Законот за заштита и спасување (Службен Весник на РМ 93/12, 41/14 И 129/15) и Законот за пожарникарство (Службен Весник на РМ 67/04,81/07,55/13,158/14,193/15).

Вработените имаат право да бидат информирани за сите опасности од настанување на пожар или експлозија, за нивните права и обврски, при стапување на работните места.

Начинот на запознавање на сите вработените е преку **обука** од овластени правни лица и институции со цел вработените да се запознаат и да станат свесни за сите опасности од пожари кои ги демнат на работното место, со опис на локалните услови и појаснувања за инсталациите, уредите и опремата која се наоѓа во нивна непосредна близина додека се на работните места.

## 4. НАЧИН НА ОБУЧУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ, РАКУВАЊЕ СО УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 27

Со цел да се почитуваат законските одредби, Агенцијата редовно и по потреба врши обука на сите вработени за учество во гасење на пожари како и практично ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари.

Член 28

Обуката од претходниот член се врши интерно, во Агенцијата, и од страна на овластени правни лица за што се води и евиденција за лицата кои ја завршиле обуката. Обуката се изведува со теоретски и практичен дел.

Исто така, обуката може да се спроведува и во просториите на Дирекцијата за заштита и спасување, која е надлежен орган .

Доколку Агенцијата има потреба, обуката може да се врши и на терен, по консултација со стручни лица од областа на противпожарната заштита.
За обуката се изготвува Програма , која се состои :

- Теоретски дел
  - Организација на заштита од пожари
  - Превентивни мерки за заштита од пожари и експлозии
  - Уреди, опрема и средства за заштита од пожари и експлозии
  - Давање на прва помош

- Практичен дел
- Противпожарна вежба со достапни уреди, опрема и средства за заштита од пожари и експлозии
- Практично давање на прва помош.

На крајот на обуката се врши контрола на знаењата на вработените во однос на заштитата од пожари и експлозии како и на давањето на прва помош.

## 5. РАСПОРЕД И ВРЕМЕ НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 29

Агенцијата располага, односно објектот **е обезбеден** со соодветни уреди, средства за гасење на пожари, противпожарни апарати, и друга противпожарна опрема согласно Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба (Службен Весник на РМ бр. 74/2006).

Член 30

Противпожарните апарати и средствата за гасење **се во согласност** со прописите и со стандардите од оваа област како и со Правилникот за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапноста за употреба (Службен Весник на РМ бр. 74/2006).

Член 31

Поставувањето на уредите, техничката опрема и средствата за гасење во објектот се врши согласно со техничките нормативи, стандарди, упатствата на проиводителот како и одобрената техничка документација.
Поставувањето на хидранската мрежа треба да е во согласност со техничките нормативи за хидранска мрежа за гасење на пожари како и со Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (Службен Весник на РМ бр. 31/2006 ). Истата е изработена од главниот инвеститор на објектот (станбена зграда со деловни простории).
Поставувањето на мобилните уреди за заштита од пожари (ПП апарати) се врши согласно класата на пожарот, пожарното оптоварување и површината која се штити од пожар и тоа на видни и лесно пристапни места. ПП апаратите се поставени на висина од која сите вработени лесно можат да го земат и употребат ПП апаратот.
Просториите во сите работни локации се обезбедени со вакви мобилни уреди за гасење на пожари во пропишани услови.

Член 32

Објектите се обезбедени со хидранска мрежа за гасење на пожари. Хидранската мрежа со сите уреди и арматура се контролира најмалку еднаш годишно .
Конкретниот број на средства за заптита од пожари е следниот :

| Опис | Количина |
|---|---|
| Противпожарен апарат S-9 | 33 |
| Противпожарен апарат S-50 | 5 |
| Противпожарни хидранти | 22 |
| Систем за автоматска дојава на пожари | 1 |
| Систем за автоматско гасење пожари – спринклер | 1 |

Член 33

Одржувањето на ПП апаратите опфаќа: редовен визуелен преглед, сервисен преглед и контролно испитување .

Контролата на системите мора да се врши од овалстена фирма од производителот на опремата како и од Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 34

Редовниот, визуелен преглед на ПП апаратите се врши еднаш месечно, при што се утврдува општата состојба на апаратот. Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш годишно и тоа од страна на овластено правно лице.

Контролното испитување на ПП апаратите се врши најмалку секоја петта година исто така од страна на овластено правно лице за вршење на таа дејност.

Член 35

По извршениот сервисен преглед и контролното испитување, апаратот се обезбедува со сервис – картон во кој се внесуваат податоците од извршените испитувања во пропишани услови.

На сервис картонот се внесуваат податоци за сопственикот на апаратот, фабрички број и година на производство, име на овластеното правно лице со потпис и место за печат, маса на апаратот кога е празен, маса на полнањето и вкупна маса на апаратот во кг, месец и година на извршениот сервис.

По извршеното контролно испитување на сервисниот картон, со перфорирање се означува годината на испитувањето и шифрата на стручното лице кое го испитало апаратот.

## 5.1 Стабилни инсталации за автоматско откривање и јавување на пожар

Член 36

Стабилните уреди и инсталации за заштита од пожари со автоматско откривање и јавување и гасење на истиот, како и систем за детекција на опасни гасови во гаражите се инсталирани во објектот, односно има систем за автоматско откривање и јавување на пожари во административниот дел и спринклер систем за гасење во гаражите.

Член 37

Агенцијата располага со следната техничка опрема:

- Автоматски систем за откривање и јавување на пожар , во чиј склоп има ПП централа, производ на Protec, UK и соодветен број на детектори за пожар,
- Автоматски систем за откривање и јавување на опасни гасови во гаражниот простор, во чиј склоп има ПП централа, производ на Sensitron, IT и соодветен број на детектори за гасови и
- Автоматски систем за откривање, јавување и гасење на пожар-спринклер систем, во чиј склоп има спринклер станица, производ на TYCO, USA и соодветен број на прскалки, во гаражниот простор.

Истите мораат да се одржуваат во потполно исправна состојба.

Согласно законските прописи испитувањето на исправноста на системот се врши најмалку еднаш годишно од овластена фирма во Република Македонија .

Член 38

Согласно техничко технолошкиот развој на производните и другите процеси, современиот начин на проектирање и изградба на деловни објекти и примената на современи материјали за градба, Агенцијата преку своите служби ги следи, применува и ќе ги вградува новите, современи, и техничко-технолошки напредни системи, инсталации, опрема и средства за заштита од пожари. Во наредниот период истите и ќе ги имплементира.

Член 39

Секој вработен во Агенцијата кој ќе забележи непосредна опасност од настанување на пожар или пожар, должен е да ја отстрани опасноста, односно да го изгасне пожарот ако тоа може да го стори без опасност за себе или за некој друг.

Доколку вработениот не може да ја отстрани опасноста, односно да го изгасне пожарот, должен е веднаш да ги извести одговорните лица во Агенцијата, а истовремено и БППЗ на град Скопје.

Член 40

При настанување на пожар вработените, превземаат активности согласно утврдените постапки на вработените во случај на пожар, дадени во шемите за евакуација.

Сите вработени се запознаени со постапката во случај на пожар и за начинот за безбедна евакуација.

Документот од став еден на овој член јавно се објавува и е истакнат во сите работни простории на Агенцијата.

Член 41

Доколку настане пожар, заради обезбедување на доказите или фактите и увид на органите на истрага, местото на пожар се обезбедува на начин што ќе оневозможи пристап на трети лица.

Директорот на Агенцијата може да формира посебна комисија за утврдување на одговорноста и висината на сторената материјална штета предизвикана од пожарот.

Член 42

Пожарите и интервенциите за гасење на пожари се евидентрираат во посебна книга за евиденција на пожари и експлозии.

За настанатите пожари и предизвиканите последици Агенцијата задолжително ја информира Дирекцијата за заштита и спасување и територијалната противпожарна единица, најдоцна во рок од 5 дена од настанот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАКОВОДНИТЕ ЛИЦА

### Директор

Член 43

Директорот на Агенцијата се грижи за споведување и унапредување на заштитата од пожари и екплозии, а ги има особено следниве права и обврски:

- Ги донесува другите акти и планови за уредување, организирање и обезбедување на заштитата од пожари и експлозии во Агенцијата,
- Ги разгледува условите за работа, донесува одлуки и заклучоци за унапредување и обезбедување на мерки и средства за заштита од пожари и експлозии, а во врска со нив утврдува конкретни обрски на поединци, одговорни работници и служби во Агенцијата,
- Одобрува финансиски средства за реализација на плановите и програмите за заштита од пожари на вработените,
- Одобрува финансиски средства во случај на смрт или траен инвалидитет од повреда при работа,

- Ги разгледува извештаите и предлозите од раководителите во Агенцијата во врска со заштитата, завзема ставови и донесува заклучоци и
- Врши и други работи за кој е овластен со закон, техничките прописи, други интерни акти и овој Правилник.

Член 44

Директорот на Агенцијата во остварување на заштитата од пожари и експлозии меѓу другите ги има и следниве права и обврски:

- Предлага мерки за унапредување на заштитата од пожари,
- Врши надзор над спреведувањето на овој Правилник и другите акти,
- Издава соодветни предлози на одговорните лица и вработените,
- Ги разгледува информациите од вработените и врз основа на истите презема соодветни мерки,
- Покренува постапки против вработените за непридржување кон мерките и прописите за заштита од пожари и експлозии,
- Планира и одобрува набавки на средства и опрема за заштита од пожари и
- Врши други работи за кои е овластен согласно закон, техничките прописи другите интерни акти и овој Правилник.

## Одговорни лица / Раководители

Член 45

Непосредните раководители во Агенцијата, секој во својот делокруг на работа, одговорни се за спроведување на заштитата од пожари и должни се да:

- ја координираат и надгледуваат работата од заштита од пожари во врска со нејзината примена на работните места,
- се грижат за оспособување на вработените за заштита од пожари и експлозии и за работа со запаливи течности,
- се грижат за одржување на уредите, техничката опрема и средства за гасење на пожар,
- се грижат за проодноста на патиштата за евакуација,
- се грижат за прописно складирање на стоките и местата каде што тие се складираат,
- пријавуваат оштетување или неисправност на уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожар,
- пријавуваат состојби или постапки кои ја нарушуваат безбедноста на вработените и имотот,
- покренуваат дициплинска постапка против вработените кои ги кршат обврските од заштита од пожари,
- ја прекинуваат работата на оние работни места каде има непосредна опасност од настанување на пожар,
- го организираат гасењето на евентуално настанат пожар и спасувањето на работниците и имотот кои се загрозени од пожарот,

- во случај на гасење на пожар соработуваат со раководителот на акцијата извршувајќи ги неговите наредби и
- пред почетокот и по завршување на работата проверуваат дали се превземени сите мерки за заштита од пожар.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 46

Вработените во Агенцијата во врска со остварување на правата и обврските во доменот на заштита од пожар, треба:

- да бидат запознаени со дејноста на Агенцијата и ризиците што произлегуваат од истата,
- да бидат запознаени со обврските од прописите кои се однесуваат за заштита од пожари и експлозии,
- да бидат запознаени со содржината на овој Правилник и обврските кои произлегуваат од него,
- да ги знаат постапките во случај на пожар,
- да се информирани за бројот на телефонот на противпожарната бригада и телефонскиот број на службата за обезбедување и заштита од пожари
- да знаат каде се наоѓаат главните електрични разводни табли и склопки за исклучување на електричната струја во случај на пожар или друга непосредна опасност,
- да ги знаат местата на противпожарните апарати и другата опрема за гасење на пожар,
- да бидат практично оспособени за гасење на пожар со апаратите и другата противпожарна опрема,
- при распоредување на одредени работни задачи како и преместување од една работа на друга да се запознати со процесот на работа и опасностите кои произлегуваат од истиот како и упатствата за безбедна работа,
- секое лице при вработување или прераспоредување од едно на друго работно место да се запознае со непосредните опасности на настанување на пожар или експлозија,
- да се грижат и да ги одржуваат во исправна состојба уредите, техничката опрема и средства за гасење на пожари како и другите уреди и инсталации со кои работат,
- да одбијат извршување на работи доколку прети непосредна опасност од пожари или експлозија поради тоа што не биле спроведени соодветни мерки за заштита,
- веднаш да преземат мерки за отстранување на воочени недостатоци или други неправилности што можат да предизвикаат пожар или негово ширење,
- да го почитуваат пропишаниот ред на работа,
- да поднесуваат предлози за подобро и поефикасно организирање и спроведување на заштитата од пожари,
- да учествуваат во акција за гасење на евентуален пожар и

- да присуствуваат на теоретски и практични предавања обуки и сл што ги организира Агенцијата од доменот за заштита од пожари и експлозии.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Правен (законски) основ за изготвување на овој Правилник се важечките Законски прописи кои што ја регулираат оваа материја, односно Законот за заштита и спасување (Службен Весник на РМ бр. 93/12).

Сите вработени во Агенцијата се должни да се запознаат со одредбите на овој Правилник.

Член 48

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во писмена форма.

Секоја измена и дополнување на прописите од член 47 од овој Правилник ќе претставува основ за спроведување на постапка на негово усогласување, во спротивно секоја законска обврска Агенцијата ќе ја реализира со директна примена на прописите.

Одредбите од овој Правилник кои претрпеле соодветни измени поради промена на прописот, без разлика дали се усогласени или не, се стават вон сила веднаш по стапувањето на сила на изменитe и дополнувањата на прописот што ја налага нивната измена.

Член 49

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето од страна на Советот на Агенцијата.

Бр. 01-5793/1

29.12. 2017 година

Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**